RegionalCooperationCouncil

**Членки на СРС**

Албанија*
Австрија*
Босна и Херцеговина*
Бугарија*
Канада
Совет на Европа
Банка за развој на Советот на Европа
Хрватска*
Република Чешка*
Данска
Европска банка за обнова и развој
Европска инвестициска банка
Европската унија (ЕУ) претставена од претставник на Високото претставништво од унијата за надворешни работи и политика за безбедност и претставник од Европската комисија*
Сојузна Република Германија*
Финска*
Франција*
Грција*
Унгарија*
Меѓународната организација за миграција
Ирска*
Италија*
Летонија*
Молдавија*
Црна Гора*
Организација за Северноатлантскиот договор
Норвешка*
Организација за економска соработка и развој
Организација за безбедност и соработка во Европа
Полска
Романија*
Србија*
Словачка
Словенија*
Иницијатива за соработка во Југоисточна Европа
Шпанија*
Шведска*
Швајцарија*
Поранешна Југословенска Република Македонија*
Турција*
Велика Британија
Обединетите нации
Економска комисија на ОН за Европа
Програма за развој на Обединетите нации
Мисија на времената администрација на ОН на Косово (УНМИК) во име на Косово, во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН*
Соединети Американски Држави*
Светска банка

***членови на Бордот на СРС**

## Нашата мисија

Советот за регионална соработка ја унапредува заемната соработка и европските и евроатлантските интеграции на југоисточна Европа во насока на поттикнување на развојот во регионот и во полза на неговите граѓани.

RegionalCooperationCouncil


**Секретаријат на Советот за регионална соработка**

Трг Босне и Херцеговине 1/V
71000 Сараево
Босна и Херцеговина
Тел: +387 33 561 700
Факс: +387 33 561 701
Е-пошта: rcc@rcc.int

**www.rcc.int**
twitter.com/rccint




MK

RegionalCooperationCouncil

# Соработка, европски и евроатлантски интеграции во Југоисточна Европа







*"Главната цел на Советот за регионална соработка е овозможување поддршка за напредок и раст преку регионални активности во Југоисточна Европа со истовремена поддршка на европската и евроатлантската интеграција. На нашиот регион гледаме како на место за дијалог, слобода и мобилност, богато со културно наследство, каде што секој човек се чувствува безбеден и заштитен со владеењето на правото. Нашата работа ја покажува подготвеноста и способноста на луѓето од Југоисточна Европа да преземат одговорност за својата иднина и да создадат услови за општ напредок во атмосфера на толеранција и соработка."*

**Горан Свилановиќ, Генерален секретар на Советот за регионална соработка**

## Преглед на организацијата

Советот за регионална соработка (СРС) е основан на 27 февруари 2008 година како наследник на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа.

СРС е оперативен орган на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ) и претставува централна точка за соработка во Југоисточна Европа (ЈИЕ) во регионална сопственост и под регионално водство и која што ги поддржува европските и евроатланските интеграции. Исто така, делува и како форум за постојано присуство на меѓународната заедница ангажирана во регионот.

Како активен учесник во работните групи за стратегијата на ПК ИПА, организацијата ги поттикнува земјите од ЈИЕ подобро да ја користат помошта наменета за регионална соработка, пред сè преку Повеќекорисничкиот инструмент за претпристапна помош на ЕУ (ПК ИПА).

Работата на СРС е насочена на пет приоритетни области:

- економски и социјален развој
- инфраструктура и енергетика
- правда и внатрешни работи
- соработка во областа на безбедноста
- градење човечки капитал и парламентарна соработка

Покрај тоа, активностите на СРС за развој на медиумите коишто природно опфаќаат повеќе области, се насочени кон унапредување на развојот на слободни и професионални медиуми во ЈИЕ, имајќи ја предвид нивната улога во обликувањето демократски, плуралистички и инклузивни општества во регионот.

Главниот оперативен документ којшто дава насока во работењето на СРС е Стратегијата и Работната програма 2011-2013 година, усвоена на Самитот на ПСЈИЕ одржан во јуни 2010 година во Истанбул.

Во СРС членуваат 46 земји, организации и меѓународни финансиски институции. СРС има Секретаријат што се наоѓа во Сараево, Босна и Херцеговина, на чело со Генералниот секретар Горан Свилановиќ. Покрај своето седиште во Сараево, Секретаријатот има и канцеларија за врски со европските и евроатланските институции сместена во Брисел.

СРС одржува еден годишен состанок, додека Бордот на СРС се состанува на секои три месеци. Бордот на СРС дава оперативни насоки за работата на организацијата. Бордот го сочинуваат членките на СРС коишто придонесуваат во буџетот на Секретаријатот на СРС.

## Економски и социјален развој

СРС го унапредува регионалниот економски и социјален развој во ЈИЕ преку координирање, олеснување и поддршка на регионалните социјални и економски иницијативи и поттикнување на дијалогот на меѓусебно поврзаните регионални активности. Клучните цели вклучуваат:

- подобрување на климата за инвестирање и за деловен развој во ЈИЕ;
- подобрување на пристапот до финансиски извори за приватниот сектор во регионот;
- насочување на агендите за вработување и социјален развој во планирањето на економските реформи;
- промовирање на развојот на информатичко општество во југоисточна Европа.



За да се постигнат овие цели, Секретаријатот на СРС склопува партнерства со повеќе важни регионални организации, иницијативи и мрежи. CEFTA 2006 воспостави област за слободна трговија и работи на нејзино дополнително продлабочување. Комитетот за инвестиции за ЈИЕ (SEEIC), управувана од СРС, е главниот регионален форум за планирање реформи поврзани со инвестициите и давање на соодветни анализи и совети. Деловниот-советодавен совет за Југоисточна Европа, како еден вид претставник на приватниот сектор во СРС, помага за да се артикулира гласот на приватниот сектор во процесот на економскиот развој во ЈИЕ. Иницијативата Електронска Југоисточна Европа (eSEE) го поддржува развојот на информатичкото општество во регионот. Други иницијативи и мрежи ги покриваат областите трговија, земјоделство, промовирање инвестиции, јавно-приватно партнерство, женско претприемништво, вработување и социјална политика, синдикати и јавно здравство.

СРС ги поддржува овие и други иницијативи во заедничките напори за развој на одржливи и конкурентни пазарни економии во ЈИЕ поткрепени со соодветни и инклузивни социјални системи.

## Инфраструктура и енергија



СРС е фокусиран на енергетиката и инфраструктурата како предуслови за сèвкупен економски, социјален и еколошки одржлив развој, стабилност и просперитет. Работи за да:

- го поддржи спроведувањето на Договорот за основање на Енергетската заедница;
- го промовира одржливиот енергетски развој во регионот и пренесување на знаење од земјите-членки на ЕУ кое се однесува на одржливи енергетски проекти;
- придонесе во подготовката и спроведувањето на Стратегијата за Дунавскиот регион со нејзино промовирање „од долу кон горе“, во соработка со локалните власти, граѓанското општество и медиумите;
- промовира повеќесекторски приод во решавањето на предизвиците од областа на безбедноста во патниот сообраќај;
- придонесе за развојот на воздушни сообраќајни врски во рамките на регионот;
- го истражи потенцијалот за поддршка на интермодалноста и интероперабилноста на транспортната инфраструктура;
- го поддржи Дунавскиот процес на соработка и Меѓународната комисија за сливот на реката Сава. Исто така, соработува со Регионалниот центар за животна средина и се фокусира на активностите на Регионалната мрежа за животна средина за пристапување (RENA).

Учеството во Советодавната група на Меѓународните финансиски институции (МФИ) и во нејзините технички работни групи му овозможува на СРС да делува како врска меѓу носителите на одлуките, МФИ, деловната заедница и социјалните партнери. Како набљудувач во Управувачкиот комитет на Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF), СРС игра значајна улога во препознавањето на проектите подобни за поддршка од WBIF и нивното понатамошно спроведување.

## Правда и внатрешни работи

СРС ја поддржува, унапредува и координира работата на регионалните иницијативи активни во областа на правдата и внатрешните работи во ЈИЕ, притоа обезбедувајќи заемно зајакнување, а не преклопување на нивните заложби, во согласност со целта за интегрирање на регионот во ЕУ. Стратешките цели вклучуваат:

- насочување и следење на регионалната соработка преку Регионалниот стратешки документ и акцискиот план за правда и внатрешни работи 2011-2013 година којшто предвидува интегрирана, кохерентна и транспарентна регионална соработка, олеснувајќи го усогласувањето на активностите на донаторите;
- борба против организираниот криминал – економски и финансиски, против недозволена трговија со дрога и луѓе. Исто така, посветува внимание на регионалната димензија на антитероризмот. Клучна улога, со поддршка на СРС играат Центарот за борба против прекуграничен криминал на Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа, Секретаријатот на конвенцијата за полициска соработка, Здружението на шефови на полицијата на Југоисточна Европа, Советодавната група на обвинители на земјите од Југоисточна Европа и Мрежата на обвинители на земјите од Западен Балкан;
- борба против корупцијата, поддржувајќи ги активностите на Регионалната иницијатива за борба против корупција;
- градење капацитети на Регионалната иницијатива за миграција, азил и бегалци;
- заштита на основните права, како и соработката на прашања од областа на приватното и граѓанското право, вклучувајќи го и правото на слобода и безбедност, пристап до правдата, правото на фер судење и правичен процес, бесплатна правна помош, алтернативно решавање спорови, механизми за помош и отштета на жртвите од криминални активности.



Савет за регионалну сарадњу тесно сарађује са релевантним институцијама, као што су агенције ЕУ, Организација за европску безбедност и сарадњу, Канцеларија Уједињених нација за борбу против дроге и криминала, Савет Европе, ИНТЕРПОЛ и ЕУРОПОЛ.

## Соработка во областа на безбедност

Мандатот на СРС во унапредувањето на соработката во областа на безбедноста во југоисточна Европа е:

- да воспостави одржливи, интегрирани и транспарентни механизми регионална сопственост за соработка во меѓу релевантните владини институции;
- да ги зачува и да ги насочи ефективните иницијативи и работни групи коишто ја докажуваат својата способност за постигнување видливи резултати во областа на безбедноста;
- да започне нови нискобуџетни активности со високо влијание врз градењето доверба и транспарентност.

СРС соработува со регионални иницијативи коишто развиле релевантни проекти и механизми за соработка во областа на безбедноста. Членството во сектори од овие иницијативи вклучува земји од ПСЈИЕ и земји надвор од регионот на ПСЈИЕ, во зависност од форматот на иницијативата и од регионот што се покрива.

СРС ги идентификува следниве приоритети за регионот:

- унапредување на регионалните механизми за дијалог и соработка за прашања од областа на безбедноста и одбраната, вклучувајќи ја и изработката на заеднички стратегии, планирање и координација;
- развој на регионален приод за намалување на ризикот од катастрофи преку учество во програмите на Европската комисија за Намалување на ризикот од катастрофи и цивилна заштита, развој на мрежи за гаснење шумски пожари, намалување на финансиските штети предизвикани од природни катастрофи и унапредување на регионалната соработка при управување со опасни материи.

## Градење човечки капитал и парламентарна соработка

Градењето човечки капитал е основен фактор за долгорочната конкурентност на Југоисточна Европа и успешна европска интеграција, во согласност со целите на Лисабонската стратегија и стратегијата Европа 2020 година, па затоа СРС:

- помага во регионалниот проект за Структурни реформи во високото образование. Особено внимание посветува на обезбедување синергија и одбегнување на преклопување со образовните програми на ЕУ, а со цел на негово поврзување со Областа на европското високо образование;
- придонесува во развојот на Регионална стратегија за истражување и развој на иновации во Западниот Балкан која е насочена кон идентификување на постојните истражувања и подобрување на врските помеѓу институтите и истражувачите од Западниот Балкан;
- ја координира новата фаза од Љубљанскиот процес од 2011 година. Воспоставена е работната група за култура и општество на СРС со Секретаријат во Цетиње, Црна Гора, која ги презема управувањето со проекти и активностите за обезбедување финансиски средства и делува како партнер на соодветните национални работни групи.

При постигнувањето на поставените цели, СРС го поттикнува вмрежувањето меѓу граѓанското општество и младинските организации со тоа што ги вклучува во своите проекти.

### Парламентарна соработка

СРС му помага на ПСЈИЕ во развивањето на парламентарната димензија на неговата работа. Придонесува во подготвката на состаноците на претседателите на парламентите на ПСЈИЕ, помага во воспоставувањето мрежа на национални координатори на ниво на членови на парламент и го поддржува спроведување на релевантни документи. Исто така, СРС работи на развивањето на Парламентарниот форум во Цетиње како централна точка за подобра координација на парламентарните активности во Западен Балкан поврзани со законодавството на ЕУ преку негова институционализација и воспоставување одржлив Секретаријат.